Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-860/1

Скопје, 23. 03. 2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за јавна набавка на услуги – Превентивно и адаптивно одржување на Веб порталот на Министерство за правда**

1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: – Превентивно и адаптивно одржување на Веб порталот на Министерство за правда.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Превентивно и адаптивно одржување на Веб порталот на Министерство за правда.

1.2. Предметот на набавка не е деллив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 90.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 16.200,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 106.200,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за набавка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас

Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.03.23 10:55:33 CET



Министерство за правда на Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

со користење на електронски средства преку ЕСЈН, но која нема да заврши со електронска аукција односно нема да се спроведе електронска аукција.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.
6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.
7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:
   - Претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - Членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

   - Заменик претседател на комисија: Ана Стојова
   - Членови: - Ратко Ајчев
     - Теута Бериша

8. Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на услуги – Превентивно и адаптивно одржување на Веб порталот на Министерство за правда.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 90.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 16.200,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 106.200,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од  редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Министер за правда
М-р Бојан Маричиќ

Подготвил: Марина Миновска, советник
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification